

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ





# ANNUAL REPORT
# 2001

# СОДРЖИНА

**Вовед** 04

**Кратка историја на Комисијата за хартии од вредност (КХВ)** 08

**Законска регулатива** 12

1. Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност 12
2. Правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност 14
3. Правилници кои произлегуваат од Законот за девизно работење 16
4. Закон за преземање на акционерски друштва 16

**Издавање одобренија за емисии на хартии од вредност и лиценцирање** 18

1. Нови емисии на хартии од вредност 18
2. Одобренија за основање на брокерски куќи и согласности за именување директори на брокерските куќи 28
3. Овластени лица за работа со хартии од вредност 28

**Работа и активности на пазарот на капитал** 30

1. Активностите на "Македонска Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје 30
2. Активностите на брокерските куќи како овластени учесници на берзата 34
3. Основање и активности на "Централен депозитар за хартии од вредност" АД Скопје 36

**Контрола на пазарот на капитал и неговите учесници** 38

**Стручни, промотивни и едукативни активности поврзани со развојот на акционерството во државата** 40

1. Издавање на стручното списание "Капитал, пари и инвестиции" 40
2. Кампања на КХВ за едукација на малите акционери во Република Македонија 40
3. Издавање на стручна литература од областа на пазарот на капитал 42

**Меѓународна активност** 44

1. IOSCO 44
2. Билатерална соработка 44
3. Семинари 44
4. Обука 44

**Финансиско работење на Комисијата** 46

**Организациона структура на Комисијата** 50

**Контактни информации** 52

# ВОВЕД

Во текот на 2001 година пазарот на капитал во Република Македонија се соочи со многубројни предизвици, кои сами по себе наметнаа и одредени промени.

Македонскиот пазар на капитал претрпе значајни промени кои подеднакво се однесуваат и на неговата законска и на техничката инфраструктура.

Имајќи предвид дека Комисијата за хартии од вредност како регулатор на пазарот на капитал својата активност ја извршува преку функциите утврдени со Законот за хартии од вредност, во 2001 година Комисијата зема активно учество во сите активности и на ова поле.

Од аспект на подобрување на законската регулатива, а заради нејзино приспособување со динамичните промени што настанаа на пазарот на капитал, се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, кои стапија во сила во мај 2001 година.

Најзначајна промена во Законот за хартии од вредност претставува статусната промена во работењето на Берзата со која истата се трансформира од непрофитна во профитна институција. Трансформацијата на Берзата во профитна институција очекуваме да даде нов импулс на креативност, нови и подобри услуги и поголема динамика на самата берза, која ќе доживее трансформација на нејзиното работење.

Меѓу другите позначајни измени и дополнувања на законот се оние кои се однесуваат на поефикасно и поцелисходно извршување на контролната функција на Комисијата за хартии од вредност, односно заострување на санкционата политика преку воведување построги казни.

Изменувањето на Законот за хартии од вредност и овојпат претставуваше продолжување во насоката на континуирано подобрување и приспособување на законската рамка не само кон македонските услови, туку и кон современите трендови во операциите со хартии од вредност.

Во овој контекст се истакнува и активноста на Комисијата за хартии од вредност при донесувањето на повеќето подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност, со што не само што се дополни подзаконската регулатива на пазарот на капитал, туку и се постигна појаснување на поодделните членови од Законот за хартии од вредност.



Во рамките на континуираните функции на Комисијата во регулирањето на одделните сегменти на пазарот на капитал, како една од позначајните активности во 2001 година се истакнува и Законот за девизно работење, што за Комисијата за хартии од вредност значеше обврска за донесување на два правилника, кои ќе почнат да се применуваат со стапувањето во сила на Законот за девизно работење.

Комисијата согласно Законот и еден од правилниците ќе дава одобрение за издавање и воведување на хартии од вредност и документи за удел во ре-зидентните инвестициони фондови во странство само во периодот до реалзиацијата на првата фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија.

Исто така, една од одредбите од Законот за девизно работење уредува дека само овластените банки



## ВОВЕД // продолжение

можат да купуваат хартии од вредност во странство. Меѓутоа, заради сé поактуелниот процес на поврзување на Македонската Берза со берзите од регионот се прави отстапка во законот во случаи на различно поврзување или спојување на нашата берза со некоја странска берза, при што во тој случај како купувачи на хартии од вредност во странство можат да се јават и наши резиденти како физички лица, а не само овластените банки во Република Македонија.

Во втората половина на 2001 година се пристапи кон интензивна подготовка и работа на текстот на Законот за преземање на акционерски друштва, што претставува заокружување на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал во Република Македонија.

Од аспект на практичното функционирање на пазарот на капитал во нашата република во текот на 2001 година, особено може да се истакнат неколку важни моменти, односно активности.

Најважниот момент во подобрувањето на амбиентот на македонскиот пазар на капитал е основањето и започнувањето со работа на Централниот депозитар за хартии од вредност. Функционирањето на Централниот депозитар не само што ќе спречи понатамошни грешки, пропусти, неправилности, неефикасности, бавност и слично, туку претставува вистинска револуција во спроведувањето и заштитата на правата на малите акционери во акционерските друштва.

Исто така, подобрувањето на функционирањето на пазарот на капитал, а особено берзанското работење значеше и предизвик за Македонската Берза да прифати и воведе електронски начин на тргување, односно имплементација на БЕСТ-системот. Со овој радикален напредок и со основањето и отпочнувањето со работа на Централниот депозитар целосно се воведе принципот на дематеријализација на хартиите од вредност во нашата земја согласно Законот за хартии од вредност.

Во услови на се поголема глобализација, малите берзи немаат голема иднина. Затоа, по долги, а не многу успешни мултилатерални разговори за интеграција на берзите во регионот, водени помеѓу самите берзи, инициравме билатерални поврзувања на Македонската Берза, на кои што подоцна очекуваме да се приклучат и другите берзи и целиот проект да добие мултилатерална регионална димензија.

Бидејќи една од основните и најбитните функции на Комисијата за хартии од вредност е заштитата на правата на акционерите, а особено на малцинските акционери, во текот на 2001 година Комисијата изврши медиумска кампања за едукација како на малите акционери, така и на сите граѓани околу можностите и предностите за работа и заработување преку берза. Кампањата траеше околу 4 месеци и се реализираше преку сите медиуми (дневни весници, телевизии, радија, интернет и др.), како и т.н роуд шоу патување на караван, составен од различни наши експерти, теоретичари и практичари за пазарот на капитал и берзанското работење, каде преку директни средби со граѓаните се објаснуваше сé што не е јасно за берзата, хартиите од вредност и правата на акционерите.

Сумирајќи го сето горенаведено може да се каже дека годината 2001 за Комисијата за хартии од вредност претставуваше период на целосна посветеност кон интензивна работа за изменување и дополнување на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и контролата над сите учесници на пазарот на капитал, односно извршување на своите функции согласно Законот.

Наредната година се надеваме дека ќе биде година на имплементација на новите прифатени и воведени решенија и ќе се согледаат резултатите од сите овие активности преземени од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Се надевам дека ќе уживате читајќи го нашиот извештај.

Со почит,



**Никола Груевски**

Претседател на Комисијата за хартии од вредност





# КРАТКА ИСТОРИЈА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комисијата) е основана на 19.06.1992 година, со Одлука на Владата на Република Македонија и е со седиште во Скопје.

Комисијата е самостојна и независна организација со својство на правно лице.

Комисијата за хартии од вредност ја сочинуваат седум членови, од кои еден е претседател. Согласно Законот за хартии од вредност од 2000 година, членовите и претседателот на Комисијата ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија.

Комисијата формира Стручна служба со која раководи директор.

Стручната служба на КХВ е составена од четири сектори и тоа: Сектор за општи и правни работи, Сектор за давање одобренија, Сектор за контрола на пазарот на капитал и Сектор за истражување и анализа на пазарот на капитал и меѓународна соработка.

Комисијата за хартии од вредност врши регулирање и контрола на сите учесници во работењето со долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

Комисијата, во рамките на своите законски надлежности и овластувања, е одговорна и за законито и ефикасно функционирање на пазарот на долгорочни хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел постојано јакнење на довербата на широката јавност во институциите на пазарот на долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

Во основа функциите и надлежноста на Комисијата за хартии од вредност можат да се поделат на неколку групи и тоа:

## а Регулативна функција

Комисијата својата регулативна функција ја извршува преку учеството во подготовката на сите основни текстови на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал во РМ (Законот за хартии од вредност и Законот за инвестициони фондови) и комплетно донесување на подзаконска регулатива, односно акти и правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициони фондови и други закони;

## б Давање одобренија и согласности

Комисијата за хартии од вредност дава одобренија и согласности за:

- емисии на хартии од вредност
- основање на брокерски куќи
- основање на берза
- основање на централен депозитар
- основање на инвестициони фондови и на друштва за управување со фондови
- именување на директори на берзата, брокерските куќи и централниот депозитар
- учесници за работа со хартии од вредност и
- учесници за инвестиционо советување;

Под точно дефинирани услови и постапки определени со законската и подзаконската регулатива, Комисијата за хартии од вредност ја извршува и својата функција на давање одобренија и согласности. Овие постапки и услови се предвидени од повеќе причини, пред сé заради поголема законитост и транспарентност на пазарот на капитал, поголема сигурност за инвеститорите во хартии од вредност и субјектите кои ги добиваат овие одобренија и согласности.





# КРАТКА ИСТОРИЈА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ // продолжение

## В Контролна функција

Можеби една од најважните функции на Комисијата е следењето на примената на законите и подзаконските акти од областа на пазарот на капитал во РМ, како и преземањето на мерки за отстранување на неправилностите и незаконитостите во работењето со хартии од вредност.

Комисијата, во рамките на своите законски надлежности и овластувања, е одговорна и за законито и за ефикасно функционирање на пазарот на долгорочни хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, со цел постојано јакнење на довербата на широката јавност во институциите на пазарот на долгорочни хартии од вредност во Република Македонија.

Комисијата врши регулирање и контрола на сите учесници во работењето со долгорочни хартии од вредност на територијата на Република Македонија и тоа на:

- берзата
- брокерските куќи и банките во работењето со хартии од вредност
- брокерите и инвестиционите советници
- централниот депозитар
- инвестиционите фондови
- акционерските друштва во работењето со хартии од вредност.

## Г Едукативна функција

Комисијата за хартии од вредност својата едукативна функција ја врши преку организирање на обука на лица за работа со хартии од вредност, објавување на одредени акти и текстови во врска со материја од областа на пазарот на капитал, издавање на стручно списание за пазарот на капитал и хартиите од вредност, спроведување на кампања за едукација на широката јавност во врска со хартиите од вредност и др.





# ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

## 1 Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност

Заради приспособување на законската регулатива со динамичните промени што настанаа на пазарот на капитал, се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, донесен во 2000 година.

Најзначајна промена во Законот за хартии од вредност претставува статусната промена во работењето на Берзата со која истата се трансформира од непрофитна во профитна институција. Понатаму, согласно промените во законот, се овозможи како основачи на Берзата, да се јават домашни и странски правни и физички лица. Во контекст на ова е и промената со која се изврши одвојување на учесниците од основачите на Берзата, што фактички се рефлектира со промена во законската одредба со која секој од основачите на Берзата располага со еднаков број на обични акции, односно со овие измени се предвидува учеството на секој поединечен основач во основната главнина на Берзата да може да биде најмногу до 10% од износот на акциите со право на управување со Берзата.

Другите позначајни измени и дополнувања на законот:

- настанаа и промени во членовите од законот кои се однесуваат на Централниот депозитар за хартии од вредност, со што секој од основачите на Депозитарот располага се еднаков број на обични акции, односно учеството на секој поединечен основач во основната главнина на Централниот депозитар за хартии од вредност може да биде најмногу до 15% од износот на акциите со право на управување со Депозитарот;
- дефинирање на поимот познат купувач кога иницијалната (примарната) продажба на хартиите од вредност се реализира по пат на непосредна спогодба со познатиот купувач, односно т.н. пласман;
- подетално се предвидува и документација која се доставува кон барањето за давање согласност од Комисијата за хартии од вредност за именување на директор на Берзата, брокерска куќа или на Централниот депозитар за хартии од вредност;
- отпочнување на процес на професионализација на членовите на Комисијата за хартии од вредност преку можноста за ангажирање на двајца членови на КХВ во постојан работен однос;
- проширување на функциите на КХВ: контрола над целокупната документација кај субјектите-издавачи на хартии од вредност, презема мерки и донесува одлуки за заштита на интересите на лицата кои се сопственици или инвестираат во хартии од вредност и спречува нечесни и незаконити дејства поврзани со работењето со хартии од вредност; понатаму, дека го пропишува начинот и постапката на тргување со долгорочни хартии од вредност издадени во Република Македонија со кои ќе се тргува надвор од границите на Република Македонија и дека ги пропишува условите за учество на овластените учесници на Берзата при тргување на странски берзи и
- заострување на санкционата политика преку воведување казна затвор од една до три години за раководниот орган и лицата со посебни овластувања, доколку не ги пренесат акционерските книги во Централниот депозитар за хартии од вредност во законски утврдениот рок, односно казна затвор од една до три години за раководниот орган доколку на сопствениците на хартии од вредност им го попречува остварувањето на правата од хартиите од вредност.





# ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА // продолжение

## 2 Правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност

Комисијата за хартии од вредност на почетокот на 2001 година ги подготви и донесе следните подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност:

- Правилник за содржината на барањето за одобрение за издавање хартии од вредност, по видови издавачи;
- Правилник за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност;
- Правилник за содржината на соопштението за издавање на хартии од вредност за емисија што не надминува 25.000 ЕВРА и начин на објавување на соопштението;
- Правилник за содржината на соопштението за издавање на хартии од вредност за емисија наменета за познат купувач;
- Правилник за содржината на јавниот повик за запишување и купување хартии од вредност, по видови издавачи и по видови хартии од вредност;
- Правилник за содржината на известувањето за запишани и платени хартии од вредност;
- Правилник за објавувањето на формата и содржината на делот од ревидираниот финансиски извештај;
- Правилник за документација за кадровска, техничка и организациона оспособеност потребна за основање и работа на брокерска куќа;
- Правилник за содржината и начинот на водење на книга на налози и Правилник за негова измена;
- Тарифник за висината на одделните надоместоци што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност и Тарифник за неговите измени и дополнувања;
- Правилник за начинот на пренесување, проверка и прифаќање на акционерските книги од акционерските друштва во Заводот за платен промет во форма на електронски запис;
- Упатство за начинот и условите за пренесување на податоците од акционерските книги на акционерските друштва во Регистарот на Заводот за платен промет;
- Правилник за содржината на податоците што издавачот на хартии од вредност ги објавува на веб страницата на Берзата и
- Правилник за содржината на месечниот извештај за работењето на брокерската куќа и банка (овластени учесници на Берзата), кој треба да го доставува до Комисијата за хартии од вредност.

Со донесувањето на горенаведените правилници не само што се дополни подзаконската регулатива на пазарот на капитал, туку и се постигна појаснување на поодделните членови од Законот .



# ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА // продолжение

## 3 Правилници кои произлегуваат од Законот за девизно работење

Со донесување на новиот Закон за девизно работење кон средината на 2001 година, со две негови одредби настана и обврска за Комисијата за хартии од вредност да изготви подзаконски акти. Активноста на Комисијата во рамките на оваа обврска резултираше со донесување на два правилници и тоа:

- Правилник за добивање одобрение за издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република Македонија и Правилникот за неговата измена и
- Правилник за добивање одобрение за издавање и воведување на хартии од вредност и документи за удел во резидентните инвестициони фондови во странство и Правилникот за неговата измена.

Имајќи предвид дека новиот Закон за девизно работење ќе започне да се применува во текот на 2002 година, од тогаш ќе почне да се применуваат и двата горенаведени правилници на Комисијата.

Се предвидува по истекот на првата фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија, одредбите за добивање одобрение за издавање и воведување на хартии од вредност и документи за удел во резидентните инвестициони фондови во странство да престанат да важат, односно Комисијата согласно законот и правилникот нема да има потреба да дава одобрение за таков вид на вложувања.

Исто така, една од одредбите од Законот за девизно работење уредува дека само овластените банки можат да купуваат хартии од вредност во странство. Меѓутоа, заради сé поактуелниот процес на поврзување на Македонската Берза со берзите од регионот направена е отстапка во законот, во случаи на различно поврзување или спојување на нашата берза со некоја странска берза, при што во тој случај како купувачи на хартии од вредност во странство можат да се јават и наши резиденти како физички лица, а не само овластените банки во Република Македонија.

## 4 Закон за преземање на акционерски друштва

Во втората половина на 2001 година се пристапи кон интензивна подготовка на Закон за преземање на акционерски друштва, што претставува заокружување на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал во Република Македонија.

Заради подобро дефинирање и уредување на одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва, се утврди и потреба од користење на повеќе странски искуства при донесувањето и практичното применување на овој закон, при што се покажа дека најприфатлив за потребите на пазарот на капитал во Македонија е законот кој важи во Република Словенија.

За таа цел, во 2001 година се оствари контакти и се реализираа неколку посети на Словенечката Агенција за пазарот на хартии од вредност, која е одговорна за спроведување на овој закон, при што се искористија нивните искуства при подготвувањето на законот и неговото практично применување.

Од сета оваа активност, на крајот на 2001 година произлезе предлог-текст на Законот за преземање на акционерски друштва.





# ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ

## 1 Нови емисии на хартии од вредност

Во текот на 2001 година Комисијата за хартии од вредност разгледа 23 поднесени барања за издавање одобрение за емисија на хартии од вредност, при што издаде 20 нови решенија за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност во вкупен износ од 2.584.551.397 денари, односно 82.871.064 германски марки (или приближно околу 41 милион Евра). Сите издадени решенија се однесуваат на емисии на долгорочни хартии од вредност - акции. Во изминатата година немаше ниту еден случај на издавање корпоративни обврзници, ниту на други долгорочни, ниту краткорочни хартии од вредност.

Најголемиот дел од емисиите на хартии од вредност беа наменети за познати купувачи. Ова од причина што, како и досега, се покажа дека на пазарот на капитал во Република Македонија акционерските друштва потешко можат да обезбедат свеж капитал со јавна понуда на хартии од вредност. Во основа, емисиите на хартии од вредност се реализираат со претходно договорен пласман на емисија, или со реинвестирање на добивката на акционерските друштва во акционерски капитал, со што постојните или нови акционери на друштвото се стекнуваат со нови акции.

| Ред. број | Издавачи на хартии од вредност | Број на издадени решенија | Вредност на емисијата | | Јавна понуда (ЈП) / Познат купувач (ПК) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ДМ | Денари | |
| 1. | Трговски друштва од стопанството | 7 | 49.075.632 | 1.531.733.770 | ПК 7 |
| 2. | Банки | 8 | 30.253.432 | 942.641.091 | ЈП 6 / ПК 2 |
| 3. | Брокерски куќи | 4 | 3.342.000 | 103.943.427 | ПК 4 |
| 4. | Штедилници | 1 | 200.000 | 6.233.109 | ПК 1 |
| | **Вкупно:** | **20** | **82.871.064** | **2.584.551.397** | **ЈП 6 / ПК 14** |





## ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ // продолжение

Во 2001 година акционерските друштва во Република Македонија беа принудени да работат во военото окружување. Во така воспоставените околности за работење, друштвата беа дестимулирани да прибираат свеж капитал со јавна понуда на хартии од вредност.

Така, сите распишани емисии на хартии од вредност од страна на трговските друштва од стопанството беа наменети за познати купувачи, и тоа пред сé како зголемување на капиталот на друштвата врз основа на инвестиции од странство. Како емитенти на хартии од вредност од стопанството во 2001 година се јавија: ТГС Технички Гасови АД Скопје, Жито Лукс АД Скопје, ФХЛ Мермерен Комбинат АД Прилеп, Кочани Табак АД Кочани, Култура АД Скопје, Пивара АД Битола и АД Македонија Битола.

Оваа година четири брокерски куќи го зголемија основачкиот капитал преку емисија на акции, пред сé заради обавување на сите дејности што може да ги врши брокерска куќа, согласно член 108 од Законот за хартии од вредност. Емисиите на акции беа наменети за познати купувачи - постојните акционери на брокерските куќи.

Во истиот период 8 банки распишаа емисии на акции заради нивна докапитализација. Од вкупно 8 распишани емисии, 6 се спроведени по пат на јавен повик за запишување и купување на акции од нова емисија, при што вкупниот номинален износ на овие емисии изнесуваше 635.379.635 денари (39.880.542 ДМ). И покрај тоа што емисиите на акции се распишани по пат на јавен повик, како купувачи на акции од овие емисии претежно се јавувиле постојните акционери на банките, и тоа со докапитализација на банките со нов капитал или реинвестирање на остварената добивка. Во овие податоци значајно е учеството на новоиздадените акции на Стопанска Банка АД Скопје од шестата емисија, во вкупен номинален износ од 300.000.000 денари (9.627.110 ДМ), што претежно се реализираше како дополнително инвестиран странски капитал од страна на постојните акционери на Банката. Карактеристично е што кај поголемиот дел од распишаните емисии по пат на јавен повик не се јавува процент на реализација на емисијата од 100 %, што е случај кај емисиите на акции наменети за познат купувач. Две од распишаните емисии на акции се реализирани како пласмани за познати купувачи, во вкупен износ од 307.261.456 денари, односно 9.864.917 ДМ, и истите претставуваат зголемување на основната главнина заради припојување на банки (Пелагониска Банка АД Прилеп кон Комерцијална Банка АД Скопје, во износ од 177.183.038 денари и Земјоделска Банка АД Скопје кон Силекс Банка АД Скопје во износ од 130.078.418 денари).

Во споредба со претходната 2000 година, во текот на 2001 година се издадени одобренија за издавање на значително помалку хартии од вредност. Имено, забележан е пад на бројот на издадени решенија за 50% (40 во 2000 година, а 20 во 2001 година), додека на вредносниот обем на издадените решенија е нешто поголема: 6.431.867.282 денари (204.377.542 ДМ) во 2000 година, во однос на 2.584.551.397 денари (82.871.064 ДМ) во 2001 година, што претставува 40,18% од вредноста на издадените одобренија во 2000 година. Меѓутоа, имајќи предвид дека 2000 година беше плодна година во поглед на издавањето хартии од вредност, заради компаративна анализа во продолжение се дадени податоците за бројот и вредносниот обем на издадените решенија за емисии на хартии од вредност по години.



# ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ // продолжение

Графикон 1:
**Вредносен обем на издадените одобренија**




Графикон 2:
**Број на издадени решенија за одобрување на емисии на хартии од вредност**





## ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ // продолжение

**Акции**

Во текот на 2001 година одобрени се 7 емисии на акции на акционерски друштва од стопанството, 8 емисии на акции од банки, една емисија на акции од штедилница и 4 емисии на акции на брокерски куќи.

За разлика од претходните години, забележан е позитивен тренд на зголемувањето на активноста на трговските друштва од стопанството во однос на финансирањето на својот развој преку емисии на акции. Најиндикативен параметар на зголемената активност е фактот што од основањето на Комисијата за хартии од вредност (1992 година) до 1999 година одобрени се вкупно 19 емисии на акции на трговски друштва од стопанството, број идентичен со одобрените емисии во текот на 2000 година, додека во 2001 година одобрени се вкупно 7 емисии на акции на трговски друштва од стопанството. Тоа значи дека сé повеке трговски друштва од стопанството се одлучуваат за емисии на хартии од вредност како начин за докапитализација на развојот на друштвата.

Вредносниот обем на одобрените емисии на акции на акционерски друштва од областа на стопанството, освен банките, е прикажан со Графиконот 3.

Графикон 3:
**Вредносен обем на одобрените емисии на акции на акционерски друштва од областа на стопанството, освен банките**




*1995 - во оваа година КХВ нема издадено ниту едно одобрение.





# ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ // продолжение

Како конкретни причини за зголемувањето на акционерскиот капитал на акционерски друштва од областа на стопанството во 2001 година можат да се наведат: инвестиции согласно договори со стратешки инвеститори за докапитализација, претворање на побарувања на доверители во траен влог, претворање на неноминиран капитал во номиниран капитал како и на други начини.

Во периодот од 1997 до 2000 година интензивноста на издавањето на акции од страна на банките, во основа, произлегуваше од потребата банките да ја усогласат големината на својот капитал согласно одредбите на Законот за банки и штедилници од 1997 година (капитални цензуси). Меѓутоа, во текот на 2000 година започна еден друг процес, процес на докапитализација на банките заради окрупнување на капиталот значително над пропишаните капитални цензуси и влез на странски стратешки инвеститори во банките во Република Македонија. Овој тренд продолжи и во 2001 година, а беше евидентиран и процес на припојување на банките.

Вредносниот обем на одобрените емисии на акции на банките е прикажан со Графиконот 4.

**Обврзници**

Интересот за емисија на обврзници од страна на трговските друштва во Република Македонија во текот на 2001 година беше исклучително низок и е директно зависен од другите услови за финансирање во Република Македонија, пред сé од висината на каматните стапки на банките за орочените денарски депозити, но исто така и од неиформираноста за можностите за прибирање капитал преку емисија на обврзници.

На пазарот на капитал во Република Македонија во текот на 2001 година евидентно беше само тргувањето со обврзници издадени од Република Македонија за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија. Во наредниот период, а почнувајќи од 2002 година, се очекува и тргување со обврзниците што Република Македонија ќе ги издаде согласно Законот за денационализација. Издавач на овие обврзници е Република Македонија и нивното издавање не подлежи на постапката за давање одобрение од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Графикон 4.
**Вредносен обем на одобрените емисии на акции на банките**







# ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ЕМИСИИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЛИЦЕНЦИРАЊЕ // продолжение

## 2 Одобренија за основање на брокерски куќи и согласности за именување директори на брокерските куќи

Во текот на 2001 година Комисијата за хартии од вредност издаде одобрение за основање и работа на брокерската куќа "Битола Брокер" АД Битола, како десетта членка на "Македонската Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје.

Сите брокерски куќи-членки на пазарот на капитал во оваа година го завршија процесот за усогласување на актите за организација и работење со новиот Закон за хартии од вредност, поради што Комисијата им ги обнови одобренијата за основање и работа .

Комисијата за хартии од вредност во 2001 година, врз основа на доставена документација и извршените интервјуа со предложените кандидати за директори на брокерските куќи, издаде 15 согласности за директори на брокерските куќи.

## 3 Овластени лица за работа со хартии од вредност

Обуката и испитите за стекнување на уверение за работа со хартии од вредност, како и досега, се организираа во соработка со Институтот за хартии од вредност од Лондон, Обединето Кралство.

Во текот на 2001 година, Комисијата за хартии од вредност организираше три повторни испита за лица кои ќе вршат работа со хартии од вредност, и тоа во јануари, мај и септември 2001 година.

Комисијата за хартии од вредност во сите испитни рокови вкупно лиценцираше 57 лица за работа со хартии од вредност, кои истовремено се стекнаа и со меѓународен сертификат за работа со хартии од вредност, кој го издава Лондонскиот институт за хартии од вредност.

Во истиот период, Комисијата за хартии од вредност донесе одлука со која престанаа да важат 18 уверенија за работа со хартии од вредност, издадени пред стапување во сила на Правилникот за начинот и условите за полагање посебен стручен испит за вршење на работи со хартии од вредност.

Причина за ова е што пред донесување на споменатиот правилник, лицата се стекнуваа со уверение за работа со хартии од вредност со положување на првиот и вториот дел од испитот. Подоцна, со донесување на правилникот, трите дела од испитот станаа задолжителни за стекнување на овластување за работа со хартии од вредност.

Бидејќи со правилникот беше предвидено дека лицата што до денот на влегувањето во сила на истиот се стекнале со уверение за работа со хартии од вредност издадено од Комисијата, можат да се усогласат со неговите одредби во рок од една година од денот на неговото донесување, односно до крајот на 2001 година, а во предвидениот рок 18 лица не се усогласија со одредбите од горенаведениот Правилник, Комисијата одлучи нивните претходно издадени уверенија да престанат да важат.



# РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ

## 1 Активностите на "Македонска Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје

Во текот на 2001 година Комисијата за хартии од вредност даде согласност на измените и дополнувањата на Статутот на "Македонската Берза за долгорочни хартии од вредност" АД Скопје, Правилата за работа на Берзата, Правилникот за котација за хартии од вредност, Процедурите на тргување и Процедурите за утврдување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност.

Комисијата даде согласност на извештајот за работа на Берзата за 2000 година, кварталните извештаи за работа во текот на 2001 година и финансискиот план и планот за работа за 2001 година.

На 25.04.2001 година, Премиерот на Владата на Република Македонија, г-динот Љубчо Георгиевски официјално го пушти во работа Берзанскиот електронски систем за тргување-БЕСТ.

Во рамките на актуелните општествено-економски услови и примената на важечката регулатива за работење со хартии од вредност, во тргувањето со хартиите од вредност на "Македонската Берза" АД Скопје во 2001 година се остварени послаби резултати (без тргувањето со акциите на Телеком АД Скопје) во однос на тргувањето во претходниот период, што може да се согледа од графичкиот приказ:[1]







[1] Во 1996 година остварени се околу 1,3 милиони ДЕМ, во 1997 година 36 милиони ДЕМ, во 1998 година околу 154 милиони ДЕМ, во 1999 година 50 милиони ДЕМ и во 2000 година 250 милиони ДЕМ.



# РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ // продолжение

Во текот на 2001 година, без трансакцијата со акциите на Телеком АД Скопје, на Берзата е намален вредносниот обемот на тргување со хартиите од вредност.

Во 2001 година на Македонската Берза АД Скопје тргувано е со акции на 195 акционерски друштва, наспроти 192 во 2000 година.

Вкупниот промет на "Македонската Берза" АД Скопје во 2001 година изнесува околу 53,2 милиони ЕВРА, што во однос на прометот од 2000 година претставува намалување од 38 %.

Во текот на цела 2001 година имаше континуирано тргување на берзата со над 2,9 милиони акции и 22,3 милиони обврзници и се остварени 10.123 трансакции со хартии од вредност што претставува зголемување за двапати од остварените трансакции во 2000 година.

Во 2001 година на Берзата се тргуваше со котираните обврзници во износ од 22,3 милиони ЕВРА.

Блок трансакциите во вкупните трансакции со акции учествуваат со 41%, 18% се реализирани трансакции на паркет и 41% отпаѓаат на резидуални акции во сопственост на државата.

Во вкупниот промет на "Македонската Берза" АД Скопје 30,25% се трансакции со државните обврзници.

На третиот пазар на "Македонската Берза" АД Скопје истргувани се 27,37% од вкупните тргувања, додека 31,76% отпаѓаат на официјалниот Пазар на кој се тргуваше и со државните обврзници.

Преку "Македонската Берза" АД Скопје во 2001 година државата реализира 22 милиони ЕВРА со продажба на пакети на акции од своето портфолио на 96 акционерски друштва.

Најликвидна хартија од вредност во 2001 година беше државната обврзница за обештетување на граѓаните по основа на старото девизно штедење со која од вкупно136 се тргуваше на 134 денови за тргување. Највисоката постигната цена за обврзниците изнесуваше 78 %, а најниската 60% од номиналната вредност на обврзницата.

Акциите на Макпетрол АД Скопје, Алкалоид АД Скопје и Топлификација АД Скопје во текот на 2001 беа најликвидни хартии од вредност - акции и со истите е тргувано во просек од околу 90-100 дена на тргување.

Заради полесно и поуспешно следење и прогноза на движењата на пазарот на капитал, Македонската берза за долгорочни хартии од вредност АД Скопје во 2001 година воведе официјален берзански индекс, МБИ, кој на крајот на годината бележи намалување за 2,3% во однос на почетната вредност.







# РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ // продолжение

## 2 Активностите на брокерските куќи како овластени учесници на берзата

Во текот на 2001 година на пазарот на капитал во Република Македонија активно работеа 10 брокерски куќи кои се основачи и членки на "Македонска Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје.

Во структурата во остварениот вкупен промет реализиран на "Македонската Берза" АД Скопје во 2001 година, брокерските куќи го остварија следното учество:[2]

Вредност (во милиони денари)




Во остварениот вкупен број на трансакции во 2001 година брокерските куќи го остварија следното учество:

Број на трансакции




[2] Легенда: КБ=КБ Брокер АД Скопје; МИ=Макос Инвест АД Скопје; ФР=ФершпедБрокер АД Скопје; ТН=ТутунскаБрокер АД Скопје; БД=БроДил АД Скопје; МК=МакБрокер АД Скопје; СБ=Брокер СБ АД Скопје; СК=Саксес Брокерс АД Скопје; ББ=Битола Брокер АД Битола и ПТ=Поштел Брокер АД Скопје





# РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ // продолжение

## 3 Основање и активности на "Централен депозитар за хартии од вредност" АД Скопје

Врз основа на Договор, склучен по овластување на Министерството за финансии на Република Македонија, Комисијата за хартии од вредност во месец февруари 2001 година донесе одлука со која го овласти Заводот за платен промет до конституирањето на Централен депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) да ги врши работите од надлежност на ЦДХВ.

Целта за основањето на Централен депозитар за хартии од вредност е водење регистар на хартии од вредност во нематеријален облик, давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност, утврдување и порамнување на трансакциите од хартиите од вредност според принципот "испорака наспроти плаќање" и давање дополнителни услуги на издавачите и имателите на хартии од вредност. Согласно Законот за хартии од вредност, сите акционерски друштва се во обврска да ги префрлат своите акционерски книги во Централниот депозитар, во законски и подзаконски определениот рок.

Со цел успешно функционирање на ЦДХВ, Комисијата во текот на 2001 година донесе Правилник за начинот на пренесување на акционерските книги од акционерските друштва во Заводот за платен промет, како овластена институција за вршење на работи на Централен депозитар за хартии од вредност, План за пренесување, проверка и прифаќање на акционерските книги од акционерските друштва во Заводот за платен промет во форма на електронски запис и Упатство за начинот и условите на пренесување на податоците од акционерските книги во акционерските друштва во Регистарот на Заводот за платен промет.

Во октомври 2001 година Комисијата за хартии од вредност донесе Одлука за давање согласност за основање и работа на "Централен депозитар за хартии од вредност" АД Скопје. Како иницијатори за основање и основачи на ЦДХВ се јавија 14 банки, 9 брокерски куќи и едно осигурително друштво.

Комисијата во постапката за основање даде согласност за директор на ЦДХВ и согласност на Правилата за работа на Депозитарот.





# КОНТРОЛА НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ И НЕГОВИТЕ УЧЕСНИЦИ

Комисијата за хартии од вредност во текот на 2001 година успешно ја извршуваше својата контролна и регулативна функција на пазарот на капитал во Република Македонија, која произлегува од позитивните законски прописи. Контролата беше спроведена во акционерските друштва, банките, брокерските куќи како овластени учесници на берзата, берзата и Централниот депозитар.

Во текот на 2001 година до Комисијата за хартии од вредност доставени се поединечни и групни барања за заштита на акционерските права на акционерите во вкупно 65 акционерски друштва.

Комисијата вршеше постојана посредна и непосредна контрола на функционирањето на пазарот на капитал и на неговите учесници.

Извршена е контрола на работењето со хартии од вредност во 75 акционерски друштва, а во 28 од нив контролата се вршеше во службените простории на друштвата.

Непосредна контрола беше извршена во следниве 28 акционерски друштва: Тутунска брокер - АД Скопје; Бро-Дил АД Скопје; Мак Брокер АД Скопје; КБ Брокер АД Скопје; Фершпед брокер АД Скопје; Битола Брокер АД Битола; Макос Инвестброкер АД Скопје; Саксес Брокерс АД Скопје; Брокер СБ АД Скопје; Поштел Брокер АД Скопје; Киро Ќучук - АД Велес; Мода Комерц - АД Скопје; Неметали Огражден - АД Струмица (две контроли); Инвест Банка - АД Скопје; Димче Бањарот - АД Прилеп; СБС Агро Банка Интернешенел Македонија АД Скопје; Машинопромет АД Скопје; Прилепска Пиварница АД Прилеп; Жито Прилеп АД Прилеп; Агропромет Тиквешанка АД Кавадарци; Југ АД Скопје; Транс Велес АД Велес (три контроли); Електроводомонт АД Скопје; Лозар АД Велес; Македонска Банка АД Скопје; Текстилпромет АД Куманово; РИК Силекс АД Кратово и Авторемонт АД Кавадарци.

Притоа, каде што беа утврдени неправилности во поглед на евиденцијата и постапката за реализација на емисиите на хартии од вредност, Комисијата презеде соодветни мерки за отстранување на неправилностите, а во определени случаи, согласно законските овластувања, поднесе кривични или прекршочни пријави.

И во текот на 2001 година Комисијата продолжи да ја остварува соработката со останатите надлежни органи во Република Македонија за спроведување на својата контролна функција.

Комисијата во 2001 година, изврши контрола во 10-те брокерски куќи над целокупното нивно работење.

Комисијата за хартии од вредност во рамките на своите надлежности вршеше постојана посредна и непосредна контрола на работењето на "Македонска Берза на долгорочни хартии од вредност" АД Скопје.

Посредната контрола, Комисијата ја вршеше преку анализа на дневните, неделните и месечните извештаи за реализација на трансакциите на "Македонската Берза" АД Скопје и преку давањето согласност на тромесечните, шестомесечните, како и годишниот извештај за работењето на Берзата.

Непосредната контрола Комисијата ја извршуваше преку контролирање на спроведувањето на тргувањето со хартиите од вредност по пат на присуство на сесиите за тргување, а по воведување на БЕСТ системот за тргување, директно по пат на т.н. on-line поврзување, при што особено внимание обрнуваше на почитување на берзанските правила и процедурите за тргување.

Во овие рамки Комисијата за хартии од вредност донесе две решенија за суспендирање на тргувањето на Македонската Берза АД Скопје со акциите на две акционерски друштва и едно решение за сторнирање на дел од реализирана берзанска транскација, поради непочитување на позитивните законски прописи и берзанските правила.





# СТРУЧНИ, ПРОМОТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАЗВОЈОТ НА АКЦИОНЕРСТВОТО ВО ДРЖАВАТА

## 1 Издавање на стручното списание "Капитал, пари и инвестиции"

Комисијата за хартии од вредност и во текот на 2001 година продолжи со издавањето на списанието "Капитал, пари и инвестиции".

Во текот на 2001 година од страна на Комисијата за хартии од вредност беа објавени три броја на списанието "Капитал, пари и инвестиции", во кое беа презентирани актуелни теми од пазарот на капитал во Република Македонија и во светот.

## 2 Кампања на КХВ за едукација на малите акционери во Република Македонија

Една од основните функции на Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за хартии од вредност, е едукативната функција.

Имајќи го предвид сé побрзиот развој на пазарот на капитал во Република Македонија, а во рамките на својата едукативна функција, Комисијата за хартии од вредност во март 2001 година започна со спроведување на кампања за едукација на малите акционери во Република Македонија.

Целта на кампањата на КХВ беше пред сé информирање и запознавање на акционерите во Република Македонија за нивните права кои произлегуваат од поседувањето акции, начинот на реализирање на тие права, како и мерките кои надлежните институции во земјава, меѓу кои и Комисијата за хартии од вредност, согласно своите законски надлежности, може да ги преземе за заштита на истите.

Воедно, кампањата беше наменета и за потенцијалните инвеститори во хартии од вредност, кои по запознавањето со основните карактеристики на хартиите од вредност, би донеле соодветна одлука за вложување во истите.

Кампањата за едукација на акционерите во Република Македонија започна да се реализира од 1 март 2001 година и истата беше предвидено да трае скоро четири месеци, заклучно со 8 јули 2001 година, но заради целокупните случувања во нашата земја минатата година, истата се пролонгира одредено време, односно заврши со својата реализација во средината на јули 2001 година.

Кампањата концепциски беше поделена во неколку фази и тоа фаза на најавување на кампањата, фаза на запознавање со целите на кампањата, фаза на информирање, фаза на едукација и фаза на заокружување на кампањата со фактите кои произлегуваат од неа.

Во секоја од фазите на реализирање на кампањата се користеа најразлични медиуми за претставување на истата, но во зависност од фазата која се реалзира, некои медиуми се користеа повеќе, а некои помалку. Материјалите за претставување на кампањата се состоеа од: принтови во печатените медуими, телевизиски спотови, радио-реклами, рекламни паноа (билборди), web-страница на интернет, инфо-линија, телевизиски емисии, лифлети, едукативни предавања низ земјата и др.

Принтовите како составен елемент на секоја од фазите во кои се реализираше кампањата, содржеа најразновидни информации во врска со акционерството во Република Македонија, корисни не само за акционерите, туку и за широката јавност во Република Македонија.

Во текот на кампањата се подготвија пет телевизиски спота и повеќе радио-реклами, кои се базираа на текстовите од принтовите кои се објавуваа во печатените медиуми и на телевизиските спотови кои се прикажуваа на телевизиите во соодветната фаза на кампањата, потоа четири идејни решенија за рекламни паноа (билборди), при што при изборот на нивните идејните решенија Комисијата повторно ја имаше предвид фазата во која се реализираше кампањата.

Заради што поцелосно опфаќање на сите расположиви медиуми за спроведување на кампањата, за потребите на истата беше креирана и посебна web-страница на интернет, која ги содржеше сите елементи на кампањата, вклучувајќи и посебна e-mail адреса на која се поставуваа најразлични прашања од областа на пазарот на капитал, а на кои одговараа вработените во Комисијата за хартии од вредност.

Во едукативната фаза се воведе и бесплатна телефонска инфо-линија 0800 1 5555, на која три дена во неделата се поставуваа директни прашања од областа на пазарот на долгорочни хартии од вредност.

Елемент на едукативната фаза беше и реализирањето на единаесет телевизиски емисии, кои се емитуваа секој петок на првата програма на Македонската телевизија, на кои согласно темите кои беа предмет





# СТРУЧНИ, ПРОМОТИВНИ И ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАЗВОЈОТ НА АКЦИОНЕРСТВОТО ВО ДРЖАВАТА // продолжение

на соодветните емисии, како учесници се поканувaа еминенти стручњаци од областа на пазарот на капитал во Република Македонија.

Како заокружување на фазата за едукација на акционерите во Република Македонија, Комисијата предвиде и реализација на караван низ повеќето градови во нашата земја и тоа Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Струмица, Штип, Велес и Гостивар, кој траеше десет дена, и тоа почнувајќи од 25 јуни, па до 06 јули 2001 година.

Имајќи предвид дека кампањата на Комисијата за хартии од вредност за едукација на малите акционери во Република Македонија наиде на огромен интерес кај сите заинтересирани лица, особено кај оние за кои беше наменета, се смета дека целта на спроведувањето на истата е исполнета.

## 3 Издавање на стручна литература од областа на пазарот на капитал

Во рамките на продолжување на активностите од кампањата за едукација на малцински акционери во Република Македонија, Комисијата за хартии од вредност на крајот од 2001 година започна со активности поврзани со издавање на стручна литература од областа на пазарот на капитал.

Оваа активност се состои од одбирање на релевантна странска литература, односно 10 книги и прирачници од областа на пазарите на капитал, за кои Комисијата за хартии од вредност ќе обезбеди преведување, стручно читање, лектура и коректура.

Понатаму, книгите и прирачниците ќе се печатат во тираж од по 1.000 примероци, а откако ќе бидат издадени, Комисијата ќе ги промовира и понуди до сите заинтересирани за оваа проблематика, како што се факултетите, банките, брокерските куќи, другите финансиски институции и останатите физички лица.





# МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

## 1 IOSCO (Меѓународна организација на комисиите за хартии од вредност)

Комисијата и во 2001 година продолжи со активно учество во работата на IOSCO (Меѓународна организација на комисиите за хартии од вредност), чиј полноправен член е од 1994 година. Од една страна, тоа претставува глобална афирмација на меѓународен план, а од друга страна слободен пристап за користење на бројните погодности што IOSCO им ги овозможува на своите членки со неразвиени пазари на капитал. Со овој прием, направен врз основа на статус на земја во развој, Македонија автоматски е вклучена во работата на Комитетот за новосоздадени пазари. Членувањето на Македонија во овој Комитет ѝ овозможува да ги користи сите форми на техничка, стручна и друга помош наменета за зголемување на ефикасноста на недоволно развиените пазари на капитал.

Како членка на IOSCO, во Мај 2001 година Комисијата за хартии од вредност учествуваше на XXVI-тата годишна конференција на IOSCO, која се одржа во Стокхолм, Шведска.

## 2 Билатерална соработка

Комисијата во 2001 година одржуваше редовни контакти со регулаторите на пазарот на капитал (комисиите) на земји од Европа и светот, особено со словенечката Агенција за пазарот на хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на САД, Комисиите од Полска, Грција, Бугарија, Турција, Хрватска, Литванија, Австрија, Италија и др.

Од контактите со словенечката Агенција за пазарот на хартии од вредност, особено може да се истакне веќе спомената остварена соработка за помош и размена на информации при подготвувањето на Законот за преземање на акционерски друштва во Република Македонија, а од ова произлезе и потребата од склучување на билатерален меморандум за размена на информации кои се однесуваат на двата пазари на капитал.

## 3 Семинари

Претставници на Комисијата во 2001 година активно учествуваа на повеќе средби и семинари на регулаторите на пазарот на капитал во светот и тоа:

**Јануари 2001, Франкфурт, Германија**

делегација на Комисијата за хартии од вредност во посета на повеќе финансиски институции и германскиот регулатор на пазарот на капитал;

**Јуни 2001, Стокхолм, Шведска**

XXVI-та годишна конференција на IOSCO;

**Септември 2001, Љубљана, Словенија**

посета на Агенцијата за пазарот на хартии од вредност заради поврзување на берзите и законските проекти;

**Септември 2001, Букурешт, Романија**

прва средба за корпоративно управување во земјите од Југоисточна Европа;

**Декември 2001, Софија, Бугарија**

состанок на Task Force за размена на јавни и нејавни информации на Југоисточната Европска Регионална Група при Европскиот Регионален Комитет на IOSCO.

## 4 Обука

Претставници на Комисијата присуствуваа на следните обуки:

**Мај 2001, Истанбул, Турција**

работилница за развој и регулативата на небанкарски, финансиски институции;

**Октомври 2001, Будимпешта, Унгарија**

обука за документи кои треба да ги објави издавачот на хартии од вредност и управување со компании.



# ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива**

| | |
|---|---|
| Парични средства | 2.149.088,00 |
| Побарувања од деловни односи | 965.358,00 |
| Краткорочни пласмани | 4.900.000,00 |
| Основни средства | 16.957.290,00 |
| **Вкупно актива** | 24.971.736,00 |

**Пасива**

| | |
|---|---|
| Тековни обврски | 3.649.798,00 |
| Резервен фонд | 21.321.938,00 |
| **Вкупно пасива** | 24.971.736,00 |



# ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА

## БИЛАНС НА УСПЕХ

**Приходи**

| | |
|---|---:|
| Приходи по основ на вршење на услуги | 16.137.913,00 |
| Камата на орочени депозити | 1.172.561,00 |
| Позитивни курсни разлики | 1.231,00 |
| Вонредни приходи | 24.983.535,00 |
| **Вкупни приходи** | 42.295.240,00 |

**Расходи**

| | |
|---|---:|
| Провизии за банкарски услуги | 63.187,00 |
| Општи административни трошоци | 34.812.238,00 |
| Амортизација | 456.667,00 |
| Плати | 3.171.942,00 |
| Расходи по основ на курсни разлики | 3.620,00 |
| Вонредни расходи | 137.787,00 |
| **Вкупно расходи** | 38.645.441,00 |



# ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА КОМИСИЈАТА








# КОНТАКТНИ ИНФОРМАЦИИ

**Комисија за хартии од вредност**
ул. "Св. Климент Охридски" бр.54, п. фах 859
телефон: 02/ 290 985, 290 975, факс: 02/ 114 199
e-mail: khv@sec.gov.mk
web site: www.sec.gov.mk

**Претседател**
Никола Груевски

**Членови**
Д-р Михаил Петковски
Д-р Глигор Бишев
Мира Шекутковска
Сашо Митров
Зеќирја Касами
Слободан Буклески

**Директор**
Томо Томовски

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ**
ул. "Мито ХаџиВасилев" бр.20, п. фах 852
телефон: 02/ 112 055
факс: 02/ 112 069
e-mail: mse@mse.org.mk
web site: www.mse.com.mk

**ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ**
Комплекс Банки бб
телефон: 02/ 227 781
факс: 02/ 227 760

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ул. Даме Груев бр. 14
телефон: 02/ 117 288
факс: 02/ 117 280
web site: www.finance.gov.mk

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Комплекс Банки б.б.
телефон: 02/ 108 108
web site: www.nbrm.gov.mk

**ПАЗАР НА ПАРИ И КРАТКОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ**
ул. Лермонтова бр.3/4, стан 10
телефон: 02/ 225 425, 225 625
факс: 02/ 225 588



## БЕЛЕШКИ



# ИМПРЕСУМ

**Комисија за хартии од вредност**
ул. "Св. Климент Охридски" бр.54, п. фах 859
телефон: 02/ 290 985, 290 975, факс: 02/ 114 199
e-mail: khv@sec.gov.mk
web site: www.sec.gov.mk

**Дизајн, фото и реализација:**
ИНФОПРЕС, Скопје
центар за тотални графички проекти
e-mail: infopress@mt.net.mk

**© Copyright:**
Комисија за хартии од вредност

јуни, 2002